# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ
## SELOVITA-C / СЕЛОВИТА-Ц 500 mg/5 ml
**ascorbic acid**

**раствор за инјектирање**

За интрамускулна, интравенска или субкутана инјекција.
- Активна супстанција: една ампула од 5 ml содржи 500 mg витамин С (аскорбинска киселина).
- Ексципиенси: метил парабен, пропил парабен, натриум хидроксид, вода за инјекција.

**Внимателно прочитајте ја содржината на упатството пред да Ви се даде лекот, затоа што тоа содржи важни информации за Вас.**
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања за Вашата болест или Вашиот лек, обратете се кај Вашиот лекар, медицинска сестра или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично. Не го давајте на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми на заболувањето се исти како Вашите.
- Доколку добиете било какви несакани ефекти, информирајте го Вашиот лекар, медицинска сестра или фармацевт. Ова ги вклучува и сите можни несакани дејства кои не се наведени во ова упатство (видете дел 4).

**Упатството содржи:**
1. Што претставува СЕЛОВИТА-Ц и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да почнете да употребувате СЕЛОВИТА-Ц
3. Како се употребува СЕЛОВИТА-Ц
4. Можни несакани дејства
5. Начин на чување на СЕЛОВИТА-Ц
6. Содржина на пакувањето и други информации

### 1. Што претставува Селовита-Ц и за што се употребува
Селовита-Ц, кој содржи аскорбинска киселина, обично се нарекува витамин Ц. Се употребува за спречување и лекување скорбут или други состојби за кои е потребен дополнителен витамин Ц. Селовита-Ц се употребува кога има сериозен недосаток на витаминот Ц или кога земањето таблети е отежнато.

### 2. Што треба да знаете пред да почнете да употребувате Селовита-Ц
**Немојте да употребувате Селовита-Ц:**
- ако имате состојба наречена хипероксалурија, при што имате премногу оксалати во урината. Тоа може да доведе до создавање камења во бубрезите. Доколку ова се однесува на Вас, разговарајте со Вашиот лекар или медицинска сестра.

**Проверете со Вашиот лекар пред да Ви биде дадена инјекција со Селовита-Ц ако:**
- имате проблеми со бубрезите
- сте пушач
- имате недостаток на ензим наречен G6PD. Големи дози на аскорбинска киселина може да предизвика разградување на крвните клетки.

**Кажете му на Вашиот лекар ако земате некој од следните лекови:**
- аспирин
- десфериоксамин кој се користи за лекување недостаток на железо
- лекови кои се користат за лекување епилепсија (пр. фенитоин)

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА / AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE · SHKUP · СКОПЈЕ

- лекови за намалување на апетитот (пр. фенфлурамин)
- перорални контрацептивни средства кои содржат естроген (контрацептивни пилули)
- антибиотици (пр. тетрациклини)
- додатоци во исхраната кои содржат железо
- перорални антикоагуланси (пр. варфарин)
- флуфеназин за ментални нарушувања
- кој било друг лек, вклучувајќи и лекови кои се издаваат без рецепт.

Ако нешто од погоре наведеното се однесува на Вас, разговарајте со Вашиот лекар или медицинска сестра.

**Примена на Селовита-Ц со храна и пијалок**
Немојте да пиете алкохол додека примате Селовита-Ц.

**Бременост и доење**
Кажете му на Вашиот лекар ако сте бремена, се обидувате да забремените или доите. Не смее да се земаат поголеми дози на аскорбинска киселина т.е. повеќе од 1g дневно за време на бременост, бидејќи ефектот на високи дози на фетусот не е познат.

Аскорбинската киселина се излачува во мајчиното млеко, но не постои доказ за опасност за бебето.

**3. Како се употребува Селовита-Ц**

**Важно:**
**Селовита-Ц како инјекција ќе Ви биде дадена од страна на лекар или медицинска сестра. Вашиот лекар ќе ја избере дозата која е соодветна за Вас.**

**Возрасни и постари пациенти**
За лекување скорбут вообичаената доза е 0.5 g до 1 g дневно. За спречување скорбут вообичаената доза е 200 mg до 500 mg дневно.

**Деца**
За лекување скорбут вообичаената доза е 100 mg до 300 mg дневно.
За спречување на скорбут, вообичаената доза е 30 mg дневно.

**Ако мислите дека Ви е дадена поголема доза Селовита-Ц отколку што треба**
Бидејќи лекот ќе Ви биде даден од страна на лекар или на медицинска сестра, малку е веројатно дека може да Ви биде дадена премала или преголема доза. Сепак, ако мислите дека Ви е дадена поголема доза од лекот, кажете му на Вашиот лекар.

Високи дози на аскорбинска киселина може да предизвикаат дијареа и камења во бубрезите ако Вашата урина е кисела. Дози од 600 mg дневно или повеќе може да доведат до често мокрење.

Доколку имате други прашања во врска со употребата на овој лек, прашајте го Вашиот лекар или медицнска сестра.

**4. Можни несакани дејства**
Како сите лекови, така и Селовита-Ц може да предизвика несакани дејства, иако тие не се јавуваат кај секого.

- дијареа

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

- зголемено уринирање (мокрење)
- создавање камења во бубрезите ако Вашата урина е кисела.

Ако некое од несаканите дејства стане сериозно или забележите несакани дејства кои не се наведени во ова упатство, кажете му на Вашиот лекар или медицинска сестра.

**Пријавување на несаканите реакции**
Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

**5. Начин на чување на СЕЛОВИТА-Ц**
Да се чува на температура под 25°C.
Чувајте го лекот подалеку од вид и дофат на деца!

Не го употребувајте лекот по истек на датумот наведен на пакувањето. Датумот се однесува на последниот ден од наведениот месец.

**6. Содржина на пакувањето и други информации**

**Што содржи Селовита-Ц**
- една ампула од 5 ml содржи 500 mg витамин C (аскорбинска киселина).
- ексципиенси: метил парабен, пропил парабен, натриум хидроксид, вода за инјекција.

**Како изгледа Селовита-Ц и содржина на пакувањето**
Бистар раствор во проѕирна стаклена ампула. Ампулите се спакувани во картонски кутии со пластичен сепаратор.
Големина на пакување: 5 ампули x 5 ml / кутија.

**Носителот на одобрението за промет:**
РИФАМ д.о.о., ул.„Мара Угриноска бр.144, Гостивар, Македонија.

**Производител:**
OSEL İLAÇ SAN. ve TİC. A.Ş.,
Akbaba Mah. Maraş Cad. No:52 Beykoz, Истанбул, Турција

**Начин на издавање на лекот:**
Лекот може да се употребува само во здравствена установа (З).

**Број и датум на одобрение за ставање на лекот во промет:**

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство:**
Мај 2020.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ